6. Дадени се три внатрешни агли на четириаголникот. Одреди го четвртиот.

а) 68°, 93° и 130° **б)** 85°, 85° и 85°

в) 120°30′, 45°45′, и 72° 10′ **г)** 102°3′ 20″, 70°40′ 35″ и 35°10′ 20″.

7. Одреди ги непознатите агли на цртежот.

а) 

б) 

8. Два од внатрешните агли на четириаголникот се 30° и 70°. За да биде неконвексен четириаголникот, четвртиот агол мора да биде помал од _____.

9. Еден од внатрешните агли на паралелограм е 64°. Одреди ги другите.

10. Поголемата дијагонала го дели делтоидот на два правоаголни триаголници, чијшто еден остар агол е 60°. Одреди ги аглите на делтоидот.

11. Нацртај на лист делтоид и исечи го по дијагоналите. Од деловите состави:

а) трапез **б)** правоаголник **в)** паралелограм.

12. Нацртај:

а) ромб **б)** правоаголен трапез

в) делтоид **г)** неконвексен четириаголник

д) конвексен петаголник **ѓ)** неконвексен шестаголник.

13. Кои од наведените 2Д-форми не можат да имаат тап агол:

а) ромб **б)** квадрат **в)** седумаголник

г) круг **д)** трапез **ѓ)** делтоид?

14. Кои од наведените 2Д-форми не можат да имаат прав агол:

а) ромб **б)** рамностран триаголник **в)** седумаголник

г) круг **д)** трапез **ѓ)** делтоид?

15. Колку најмалку триаголници се потребни за да се состави:

а) четириаголник **б)** петаголник **в)** шестаголник **г)** седумаголник.

16. Нацртај четири различни вида: **а)** триаголници, **б)** четириаголници.

17. Нацртај четири различни вида четириаголници со прав агол.

18. Нацртај четири различни вида четириаголници со еднакви соседни страни.

Правилни многуаголници

19. За дадените правилни многуаголници, пресметај го збирот на внатрешните агли и одреди ја големината на внатрешниот агол.

а) **б)** **в)**  **г)**

20. За дадените правилни многуаголници одреди ја големината на надворешниот агол.

а)  **б)**  **в)**  **г)**